СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ВАНЧО МИТЕВ

за Зрновци



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„ВЕРУВАМ ДЕКА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ ЗАСЛУЖУВА ПОВЕЌЕ – ПОДОБРА ИНФРАСТРУКТУРА, ПОСИЛЕН ГЛАС НА ГРАЃАНИТЕ, ПОВЕЌЕ МОЖНОСТИ ЗА МЛАДИТЕ, ПОГОЛЕМА ГРИЖА ЗА ПОСТАРИТЕ И ВИСТИНСКИ РАЗВОЈ ЗА СИТЕ“

**Почитувани граѓани на Општина Зрновци,**

Роден сум на 11 август 1980 година и целиот свој живот сум длабоко поврзан со нашата општина. Основното образование го завршив во ОУ „Тодор Арсов" во Зрновци, средното во ДУФК „Методи Митевски – Брицо" во Скопје, а дипломирав на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Отсекогаш работам со луѓето и за луѓето.

Својата професионална кариера ја започнав како наставник по физичко и здравствено образование во ОУ „Тодор Арсов" во учебната 2005/2006 година. Во периодот 2014 – 2017 работев во приватниот сектор, во компанијата „Екооил" од Кочани. Од 2018 до 2024 година ја извршував функцијата директор на Пошта – Кочани, каде што и денес работам како соработник за поштенски сообраќај.

Се кандидирам за градоначалник затоа што верувам дека Општина Зрновци заслужува повеќе – подобра инфраструктура, посилен глас на граѓаните, повеќе можности за младите, поголема грижа за постарите и вистински развој за сите.

Моите приоритети се: развој на селата, поддршка и соработка со бизнис-секторот, поддршка за земјоделството, подобрување на локалните патишта и зголемена транспарентност.

Ве повикувам да ми ја дадете поддршката и гласот – за отворена, инклузивна, чесна и работлива општина.

**ЗРНОВЦИ ЗА СИТЕ – посветено, чесно, одговорно!**

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Зрновци

Ние сме ваши соседи и кандидати за општинскиот совет. Веруваме дека секој граѓанин заслужува чиста и безбедна средина, улици по кои мирно се движиме и поддршка за малите бизниси. Нашата цел е чесност, транспарентност и напорна работа - без празни ветувања. Со вашата поддршка ќе бидеме вашиот глас во Советот, заедно да градиме подобра и поуспешна општина.
Заеднички можеме повеќе!

1. Љупка Ѓорѓиева-Атанасова, р. 1983, дипломиран инженер технолог, СДСМ
2. Александар Андонов, р. 2001, дипломиран сметководител, СДСМ
3. Илија Ристов, р. 1989, електротехничар-електроничар, СДСМ
4. Игор Вангелов, р. 1980, дипломиран инженер геолог, СДСМ
5. Кети Манева, р. 1995, електротехничар за телекомуникации, СДСМ
6. Јована Михаилова-Манов, р. 1998, дипломиран правник, СДСМ
7. Сашко Јакимов, р. 2001, програмер, СДСМ
8. Даниела Гаврилова, р. 1984, професор по англиски јазик, СДСМ
9. Васка Ангелова, р. 1959, пензионер, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

Од преземањето на централната власт, СДСМ, за жал, во Општина Зрновци не успеа да ја преземе локалната власта во двата изборни циклуса. Но затоа од страна на централната власт не беше заборавена и беше третирана исто како и другите општини. Една од најефикасните форми на ваква поддршка беше финансиско учество во проекти од локално значење, преку грантови и програми за финансирање и кофинансирање. Централната власт ѝ овозможи на општината да реализира инфраструктурни, економски и социјални проекти, кои директно го подобруваат квалитетот на животот на граѓаните. Оваа соработка придонесе за зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа и обезбеди поефикасно користење на јавните ресурси.

Во периодот од 2017 до 2024 година беа финансирани низа проекти:

- Опремување на детската градинка „Бисерчиња" – Зрновци.
- Изградба на регионален етнопарк во Зрновци (фаза 1 и 2).
- Изработка на техничка документација за локален пат село Зрновци до место викано Под Лески.
- Реконструкција на локален пат од село Мородвис до археолошки локалитет „Црквиште" (фаза 1, 2 и 3).
- Проект за проектирање и поставување фотоволтаични системи.
- Реновирање на Домот во село Видовиште.
- Изработка на техничка документација на улица „Илинденска" во село Зрновци.
- Изградба на резервоар за вода за висока зона во село Зрновци.
- Тампонирање на пристапен пат од регионален пат до место викано Убаво Поле во село Зрновци.
- Изградба на локален пат Зрновци - Мородвис.
- Изградба на локален пат Мородвис - гробишта во Мородвис.
- Набавка на комбинирана машина „ровокопач".

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

Почитувани граѓани, и покрај амбициозната програма со која Борчо Коцев ја доби довербата на жителите на Општина Зрновци на локалните избори во 2021 година, најголем дел од неговите клучни ветувања останаа нереализирани до денес.

Планираните проекти за подобрување на социјалната инфраструктура, развој на туризмот и искористување на природните ресурси сѐ уште не се спроведени, а некои не ја ни поминаа фазата на идејно решение.

Недостигот на конкретна реализација кај овие проекти отвора прашања за приоритетите, капацитетите и долгорочната стратегија на општината.

Во продолжение се издвоени клучните ветувања што остануваат неисполнети и го одразуваат јазот меѓу плановите и оствареното:

- Влошување на квалитетот на водата за пиење во трите населени места, причина е дотраената водоводна мрежа што беше ветена дека ќе биде променета;
- Дом за стари лица во село Видовиште;
- Комплекс за млади, ролер-патека, алпинистички ѕид и парк;
- Речен туризам и просторно уредување на кањонот на река Зрновка со речни базени, плажа и елементи за спортување;
- Пречистителна станица и нова канализациска мрежа во село Зрновци;
- Уредување на индустриска зона за мало стопанство;
- Изградба на капела;
- Изградба на затворен пазар;
- Хортикултурно уредување на место викано Маренски Дол;
- Поставување турбини на главните водоводи на водоводната мрежа за производство на електрична енергија;
- Бетонирање на систем за наводнување на повеќе вади, и тоа: „Бабареа вада“, продолжување на „Штипска вада“, „Дива топола“ и вадите во Мородвис и Видовиште.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто (повторно) се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам затоа што ја познавам секоја улица, секоја семејна мака и секоја добра идеја што излегува од оваа заедница. Мотивот не е функцијата, туку одговорноста. Одговорноста што ја имам пред моето семејство, соседите, земјоделците, децата во училиштето и пензионерите на клупите. Затоа што верувам дека може и мора подобро - дома, тука, во Зрновци.

- **Колку е важно да се има визија за општината?**

Без визија, нема насока. А без насока, нема развој. Визијата за општината е не само план на хартија, туку план за живот. За пофункционална инфраструктура, чиста вода, безбедни улици, зелени површини, инклузивност за младите, грижа за најранливите и поддршка за бизнисот и земјоделците. Но визијата не смее да биде само општинска - таа мора да ја обедини заедницата.

- **Што сметате дека мора да се направи во следниот мандат?**

Мора да се направи јасна пресвртница - од „администрација" кон сервис на граѓаните. Инфраструктурните проекти се основа, но не се доволни. Ќе работиме на подобрување на образованието (проекти за училиштето и градинката), вклучување на младите со проекти и поддршка на нивни иницијативи, социјална поддршка за ранливите категории, зелени површини, чист воздух и еколошка свест, јавна транспарентност со лесен пристап до сите информации и промоција на локален туризам и култура.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се клучот за иднината, но и двигателот на сегашноста. Без младите - иднината на Зрновци се претвора во празни куќи и затворени училишта. Мора да создадеме можности тие да останат: со работни места, со поддршка за младите земјоделци и претприемачи, со спорт, култура, дигитални центри и современи училишта.

- **Како ја гледате безбедноста на граѓаните?**

Безбедноста е основно човеково право. Во Зрновци мора да имаме осветлени улици и пешачки патеки, безбедни премини и патна сигнализација, превенција од сообраќајни несреќи кај училиштата и парковите и соработка со полицијата и граѓанскиот сектор за превентивни активности.

- **Дали планирањето и мобилноста се клуч за подобар живот?**

Да. Без урбанистичко планирање, секој следен проект е ризик. Мора да имаме план за јавна мобилност - безбедни патеки, велосипедски рути, простор за рекреација, спортување, социјализација и инфраструктура што ја поврзува секоја населба рамноправно.

- **Зимите, депониите, загадувањето - осудени ли сме на отровен воздух?**

Не сме. Но ќе бидеме ако останеме пасивни. Ќе воведеме редовно чистење и контрола на дивите депонии, кампањи за селектирање отпад, со реална логистика, мапирање на точките со најголемо загадување, садење урбани појаси со брзорастечки дрвја.

- **Довербата на граѓаните е ниска, како ќе ја вратите?**

Со дела, не со зборови. Ќе ја вратиме довербата преку транспарентна општина - сите тендери, одлуки и буџети јавно достапни, отворени денови со граѓаните преку седмични средби за директни прашања и враќање на институциите кај народот - лесна комуникација, дигитални услуги и отчетност.

- **Иселувањето - има ли иднина без млади?**

Не. Иднина има само ако луѓето останат и веруваат дека тука може да се живее пристојно. Мора да им дадеме причина да останат преку вработување, локална економија и поддршка со градинки, училишта, културен и спортски живот. Со достапно домување и основни комунални услуги.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Во мојот мандат свое значајно место ќе имаат и младите и луѓето во третата доба. Сите тие со своите идеи и предлози активно ќе бидат вклучени во работата на општината и ќе придонесат за унапредување и развој на своите заедници.

Како некои од проектите што ги предлагам во делот за младите се:

- **Локален план за млади и задржување на младите**

Проект во кој ќе биде опфатено формирање младински центар со co-working простор што ќе биде опремен со интернет, техничка опрема и креативна зона каде што ќе бидат организирани курсеви по програмирање, графички дизајн, јазици... како и едукативни и културни настани.

- **Поддршка за образование и едукација**

Поттикнување и организирање летни кампови, работилници и менторски програми со локални и државни експерти, потоа воведување курсеви за современи дигитални апликации, како што се Canva, WordPress, freelancing платформи• Fiverr, Upwork...итн

- **Културна револуција на Зрновци**

Проект со кој ќе се опфати настап на национални и локални естрадни музички артисти од различни музички жанрови, како и настап на професионални и аматерски театарски групи на летната сцена во Зрновци и во Домот на културата, со цел културно заживување на општината на повисоко ниво.

- **Младински иницијативи за зелена и здрава општина**

Поддршка и реализација на младински екоакции• садење, пошумување, рециклирање... здружување на младите со невладиниот сектор, училишта во проекти со заедничко значење.

- **Економски поттик за останување**

Мини грантови и стартап-поддршка за млади претприемачи, локален маркет за продажба на производи и услуги на млади, партнерство со компании од регионот за студентска практика и вработување.

За постарите генерации ги предлагам следниве проекти:

- **Златни години**

Активни пензионери за активна заедница во кој ќе бидат опфатени:

- **Учење и размена на знаења**

- Пензионери како ментори за млади во делот на занаети, градинарство, готвење, традиционални песни.
- Курсеви за пензионери: Дигитална писменост - користење смартфон, Вибер, Месинџер, електронско банкарство.

Основи за здрав живот - исхрана, физичка активност, прва помош.

- **Меѓугенерациски проекти**

Настани млади и стари заедно - работилници, изложби натпревари

- **Слушни ја приказната**

Младите им документираат животни приказни на пензионерите (усна историја на Зрновци)

- **Заедничко учество во волонтерски акции**

Садење дрвја, градинарски денови

- **Здравствена и социјална поддршка**

Партнерство со локални здравствени служби - мерење притисок, шеќер, инфосесии за здравје, како и домашни посети на пензионери од млади волонтери или СОС-тим.

- **Културно и општествено учество**

Формирање пензионерски хор или драмска група, екскурзии во природа и посета на блиски градови или бањи 1-2 пати годишно; писателско катче - пензионери што сакаат да пишуваат поезија, спомени.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Подобрување на квалитетот на водата за пиење

Неквалитетната вода за пиење, недоволните количини во текот на летниот период и лошото управување од страна на комуналното јавно претпријатие доведуваат до ситуација сите граѓани на општината да имаат огромни проблеми. Како решение на овој проблем го нудиме следново:

- изградба на уште еден резервоар за вода,
- промена на целокупната примарна и секундарна мрежа,
- инсталација на мини филтрациски станици во селските водоводи,
- поставување сензори за мониторинг на водата,
- редовна анализа на водата и
- кампања за едукација на граѓаните за заштита на водните ресурси.

**Влијание на проектот:**

Со реализација на сите овие активности, ќе се подобри квалитетот на водата, ќе се намалат загубите и трошоците на комуналното јавно претпријатие.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Зрновци

**Рок на реализација**

До крајот на мандатот

## ▪ Изградба на мини брана на река Зрновка

Изградба на бетонска брана на реката Зрновка на локација најпогодна и природна во консултација со хидролошки и геотехнички студии. Реализацијата на проектот ќе се изведе со помош на надлежното Министерство за земјоделство во непосредна соработка со локалната подружница на „Водостопанство" - Кочани. Цената на чинење и големината на самата брана ќе се утврдат со изготвување на идејното решение.



**Влијание на проектот:**

Со реализација на овој проект ќе се подобри водоснабдувањето на земјоделските површини, ќе се заштити село Зрновци од сезонски поплави, ќе се отвори можност за место за рекреација и туризам и потенцијално производство на мала хидроенергија.

**Целна група:** Сите граѓани на Општина Зрновци

**Рок на реализација** До крајот на мандатот

# ПРОЕКТИ

## Филтер за вода

Инсталација на современ филтер за прочистување на водата за пиење во Општина Зрновци, со цел обезбедување чиста, безбедна и квалитетна вода за сите домаќинства и јавни институции.

### Влијание на проектот:

Подобрување на здравјето и квалитетот на животот.

### Целна група:

Сите жители за Општина Зрновци

### Рок на реализација

До крајот на мандатот

## Стационар за кучиња

Изградба на стационар за згрижување, третман и згрижување на бездомни кучиња со соодветна ветеринарна грижа и хуман третман, во согласност со европските стандарди.

### Влијание на проектот:

Подобрување на безбедноста на граѓаните и хуман третман на животните.

### Целна група:

Сите граѓани и љубителите на животните

### Рок на реализација

До крајот на мандатот

## Бетонирање на земјени вади

За да се намали загубата на вода за наводнување на земјоделските површини, потребно е канализирање на постојаната мрежа за наводнување, како и санација на дел од постојната мрежа. Тоа опфаќа бетонирање на вадите, поправка на испусните вентили, како и промена на оштетените плочи.

### Влијание на проектот:

Со реализација на овој проект, земјоделците ќе добијат ефикасен систем за наводнување и зголемени приноси од културите, а со тоа и поголемо задоволство при извршувањето на секојдневните активности.

### Целна група:

Земјоделците од Општина Зрновци

### Рок на реализација

До крајот на мандатот

## Уредување на гробиштата во Зрновци

Поставување ограда, изработка на бетонски патеки и партерно уредување на гробиштата во Зрновци за достоен изглед и подобри услови за луѓето што доаѓаат во посета на гробовите на починатите.

**Влијание на проектот:**

Со поставувањето на оградата и со партерното уредување на гробиштата, ќе се добие подостоен изглед и ќе се подобрат условите на жителите при посетата на гробовите на починатите.

**Целна група:**

Сите граѓани што ги посетуваат гробиштата

**Рок на реализација**

До крајот на мандатот

## Ставање во функција етнокуќата во Зрновци

Реконструкција и отворање на етнокуќата како музејско-туристички објект, сведоштво за минатото и културното наследство, достапен за ученици, туристи и локални жители.

**Влијание на проектот:**

Зачувување на културното наследство и поттик за туризам.

**Целна група:**

Локалното население, ученици и туристи

**Рок на реализација**

До крајот на мандатот

## Реконструкција на локалниот пат с. Видовиште - манастир „Св. Петка“

Реконструкција и асфалтирање на патот што ги поврзува Видовиште со манастирот „Св. Петка", за подобра пристапност и развој на верски туризам.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на инфраструктурата за развој на верскиот храм.

**Целна група:**

Локалните жители, верниците и планинарите

**Рок на реализација**

До крајот на мандатот

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на локален пат с. Мородвис - манастир „Св. Симеон“

Реконструкција и асфалтирање на патот што ги поврзува село Мородвис со манастирот „Св. Симеон“, за подобра пристапност и развој на верски туризам.

### Влијание на проектот:

Зачувување на верското наследство и поттик за планински туризам.

### Целна група:

Локалните жители, верниците и планинарите

### Рок на реализација

До крајот на мандатот

## Оградување на кејот на реката Зрновка

Изградба на ограда, декоративно и хортикултурно уредување на кејот на реката Зрновка во централното подрачје, со цел зголемена сигурност на граѓаните.

### Влијание на проектот:

Поголема безбедност на граѓаните и поголема уредност на центарот.

### Целна група:

Локалните жители, посетителите и децата

### Рок на реализација

До крајот на мандатот

## Пешачка патека на кејот на реката Зрновка

Изградба на пешачка патека по самиот тек на реката од крајот на селото во правец на планината, покрај манастирот„ Св. Недела“ и природните базени Змијарникот и Суљов Ѓол.

### Влијание на проектот:

Овој проект ќе го поттикне локалното население почесто да ги посетува овие излетнички места, за рекреативците уште една локација, како и зголемен потенцијал за посета на туристи.

### Целна група:

Локалните жители, планинарите и рекреативците

### Рок на реализација

До крајот на мандатот



## Пешачка патека покрај регионалниот пат Зрновци - Мородвис - Видовиште

Целокупниот пренос на луѓе, стока и материјални добра во општината се одвива преку регионалниот пат Зрновци - Видовиште. Голем број граѓани по овој пат се движат пешки, а со тоа се јавува потребата од изградба на пешачка патека во вид на тротоар од едната страна на коловозната лента во должина од 4 km.

### Влијание на проектот:

Со реализација на овој проект ќе се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот и плус ќе се добие уште една патека за рекреативците.

### Целна група:

Локалните жители, учесниците во сообраќајот и рекреативците

### Рок на реализација

До крајот на мандатот

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**Randomly** 

**Муродвис**

- Уредување на влезовите на селото
- Редовно одржување на паркот
- Редовно одржување на локалитетот „Моробиздон“
- Редовно одржување на локалните гробишта

**Видовиште**

- Уредување на влезовите на селото
- Редовно одржување на паркот
- Редовно одржување на локалитетот околу манастирот Св. Спас
- Редовно одржување на локалните гробишта

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

## За Зрновци

**СДСМ**
*И КОАЛИЦИЈАТА*

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА